**Известување за концентрација со која Телемах Словенија д.о.о. (Telemach Slovenija d.o.o.),, Љубљана-Чрнуче, Словенија ќе стекне контрола над Т - 2 д.о.о. (T - 2 d.o.o.), Љубљана, Словенија**

**(предмет бр. 08-100/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 03.07.2024 година, а дополнето на 19.07.2024 до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Телемах Словенија д.о.о. со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231, Љубљана-Чрнуче, Словенија, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Т – 2 д.о.о со седиште на адреса Веровшкова улица 64А, 1000 Љубљана, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Телемах Словенија д.о.о. е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон.

БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секој дневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се занимава со дистрибуција на медиумски содржини преку ДТХ технички платформи,
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се занимава со маркетиншки дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Т - 2 д.о.о. претставува телекомуникациски оператор со седиште во Љубљана.

Т - 2 д.о.о. се занимава со обезбедување на телекомуникациски услуги од 2004 година; запишано е во судскиот регистар во Словенија на 11 мај 2004 година.

Т - 2 д.о.о. обезбедува услуги на фиксна и мобилна телефонија, широкопојасен пристап на интернет и дистрибуција на медиумски содржини на територијата на Република Словенија.

Т - 2 д.о.о. е присутно исклучиво во Словенија и не обезбедува услуги надвор од Словенија.

Т - 2 д.о.о. нема зависни друштва во Република Северна Македонија и претходно нема остварено приход во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување***.***

24.07.2024 година
Скопје